ОРЦЕ НИКОЛОВ
Ј.У.О. ДЕТСКА ГРАДИНКА

| | |
|---|---|
| Датум: | 18. 05.2020 |
| Тема: | **„Сакам да станам пилот“** |

**Возрасна група: 4-6 години**

| | |
|---|---|
| Стандард: | - детето може да збогати својот речник и да покаже напредок во правилниот говор;<br>- детето покажува истрајност во превземените активности<br>- детето може да ги користи свите сетила (вид, слух, допир, мирис) за регулирање на движењето |
| Цел на активноста: | - Да ја развива фантазијата преку создавање на нови идеи и оргинални решенија<br>- Да се поттикне детето да создава гатанки<br>- Да се поддржува на свој начин да ги пренесе своите решенија, мислења, искуства, заклучоци<br>- Да се сензибира тактилната осетливост |
| Активност | **„Погоди ја гатанката“** |
| Опис на активноста | Со децата поведувате разговор како да си го исполните денешниот ден. Им предлагате вие да кажувате гатанки, а тие да погодуваат.<br><br>Ко птица од сребро сета<br>највисоко шумно лета,<br>Со крилјата воздух коси<br>товар, луѓе везден носи<br>**( авион)**<br><br>Полетува право горе<br>надлетува полја, море<br>На комарец личи голем,<br>понекогаш носи болен.<br>**( хеликоптер)**<br><br>Крила има - птица не е,<br>како птица лета,<br>дење – ноќе мирно, низ облаци шета!<br>**( авион)**<br><br>Откако ќе ги погодат гатанките разговарате, кој управува со авионот, хеликоптерот (пилот). Потоа сите домашни легнувате на подот ги затворате очите и секој од вас ја пушта фантазијата во него, лета со своите мисли некаде далеку, или пак управува со авион или хиликоптер. Разговарате за своите патување што ги имавте со мислите кој каде патувал, со што управувал...<br>Земате листови во боја и заедно со своите деца изработувате авион – оригами**.**<br>Поставувате одреден цел и се натпреварувате кој од авионите ќе стигне прв до целта, поточно кој од вас е најдобар пилот. |

| | |
|---|---|
| Потребни материјали | Листови во боја |
| Прикачување на слика, линк, или<br><br>видео | <br><br> |

**Возрасна група: 3-4 години**

| | |
|---|---|
| Стандард: | - детето може да слуша и разбира говорен јазик<br>- детето демонстрира нтерес за учество во музички активности<br>- детето  може да воспчоставии контрола на движењата на далнките и прстите |
| Цел на активноста: | - негување на способноста за забележување и доживување на звучноста и ритмичноста на поетскиот говор<br>- да се поттикнат способностите за слободно изразување преку движење и танцување на некоја мјузичка содржина<br>- да се поттикне кон развивање на координираност помеѓу окото и раката |
| Активност | **,,,Пилот“** |
| Опис на активноста | Денес на своите деца може да им изрецитирате една стихотворба:<br><br>**ПИЛОТ**<br>**Јас сум пилот, секој да знае**<br>**над облаци летам,**<br>**пренесувам луѓе, товар**<br>**низ цел свет ги шетам.**<br><br>**Ќе ви кажам, не е шега**<br>**за најмала грешка,**<br>**може веднаш да сеслучи трагедија тешка.**<br><br>**Пред да летам два тр-три часа**<br>**се одмарам, спијам,**<br>**кога сум во авионот**<br>**само вода пијам.**<br><br>**За да бидеш пилот деца**<br>**треба труд и мака,**<br>**но ако со љубов леташ**<br>**секој ќе тесака.**<br><br>Разговарате за содржината на стихотворбата, им објаснувате нешто што не им е јасно, може некое од децата да појави желба кога ќе порасне да стане пилот. Им ја пуштате песничката да ја слушаат, потоа сите зедно играте т.е. изведувате движења според текстот и тактот на песната. Во попладневните часови може да цртате авиончиња. |
| Потребни материјали | Листови, фломастери, молив, |

| | |
|---|---|
| Прикачување на слика, линк, или видео | Песна - ,, Авион,, - поточиња 2007<br>https://www.youtube.com/watch?v=4OLBRg4yNHE<br> |

**Возрасна група: 2-3 години**

| | |
|---|---|
| Стандард: | - детето може да ја користи креативноста во секојдневните активности<br>- детето се гордее со своите постигнувања и верува во своите способности |
| Цел на активноста: | - да се поддржува во обидите да изгради, создаде нешто ново, при користење на различни играчки, материјали и предмети<br>- да се поттикнува и негува истрајноста во активноста<br>- да се поттикнува да ги развива радоста и задоволствот од успешно завршената работа |
| Активност | **„Изработуваме авионче од штипки – дрвца“** |
| Опис на активноста | Излегувате на балкон, во двор ги насочувате децта да погледна во небото и разговарате што лета горе високо на небото – авион. Им раскажувате приказна за малиот Валтко како го доживел својот лет со авион, како сакл да оди во кабината на пилотот и тој да управува со авионот, но бидејќи е сеуште мал не му дозволил пилотот да го управува авионот. Им предлгате заедно со вас од штипки да изработите авион. Додека го изработувате авионот во позадина ја слушаат песната **„Авион“** |
| Потребни материјали | - штипки, дрвца од сладолед, шпатули |

| | |
|---|---|
| Прикачување на слика, линк, или видео | Песна ,, Авион, - поточиња 2007<br>https://www.youtube.com/watch?v=4OLBRg4yNHE<br>  |

**Возрасна група: 0-2 години**

| | |
|---|---|
| Стандард: | - детето може да ги контролира деловите од телото |
| Активност | **„Летаме како авиончиња“** |
| Опис на активноста | Сите присутни во домот засатнуваат во круг им се објаснуваат на децта дека сега ќе вежбате со рачињата горе – долу, лево –десно, напред – назад. На знак на водителот на групата, сите авиони летнуваат во определена насока. При движењето, ги ширите рацете, брмчите како авион и го наведнувате трупот на едната и другата страна. |